# ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА“ СКОПЈЕ

**Врз основа на член 108 од Законот за високо образование (“Службен весник на РМ бр.35/2008) ВСШ „Факултет за бизнис економија“ - Скопје, објавува**
**КОНКУРС ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ ВО ПРВ ЦИКЛУС И ТРАНСФЕР НА СТУДЕНТИ НА ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ ВО УЧЕБНАТА 2012/2013**

## I. Број на студенти

**На ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Скопје, во прва година на додипломски студии, можат да се запишат следниот број на студенти:**

| Насока | Број на редовни студенти | Цена на студии на годишно ниво |
|---|---|---|
| Регионален и локален бизнис развој | 20 | 500 € |
| Финансиски менаџмент | 80 | |
| Маркетинг менаџмент | 80 | |
| Банкарство | 10 | |
| Одржлив развој-еколопка економија | 10 | |

| Насока | Број на вонредни студенти | Цена на студии на годишно ниво |
|---|---|---|
| Регионален и локален бизнис развој | 10 | 600 € |
| Финансиски менаџмент | 40 | |
| Маркетинг менаџмент | 30 | |
| Банкарство | 10 | |
| Одржлив развој - еколошка економија | 10 | |

***Уплатата се врши во денарска противвредност***

## II. Услови и критериуми на запишување

1. Право на запишување на додипломски студии имаат кандидатите со завршено средно четиригодишно образование и имаат положено **државна матура, училишна матура** или **завршен испит** за тие што имаат завршено средно професионално училиште.
   Кандидатите кои имаат завршено четиригодишно образование или образование соодветно на тоа надвор од Република Македонија имаат право да се запишат но со нострификација при Министерството за образование и наука на Република Македонија.
2. Трансферот на студенти од други и странски универзитети се врши врз основа на доставено уверение за положени испити и предметна програма за истите.
3. Кандидатите се запишуваат како редовни и вонредни студенти со само-финансирање на студиите.

## III. Документи за пријавување и запишување на додипломски студии

1. Пополнета пријава (достапна на ВСШ„Факултет за бизнис економија“ Скопје)
2. Оригинална диплома за завршено средно образование (за студентите кои го имаат завршено средното образование пред 2008 година или надвор од Р.Македонија) и копија со нотарска заверка
3. Диплома за положена државна или училишна матура за кандидатите кои го завршиле средното образование во 2008,2009, 2010, 2011 и 2012 година и копија со нотарска заверка
4. Оригинални сведителства и копии заверени на нотар
5. Извод од матична книга на родените оригинал и копија заверена на нотар
6. Две фотографии
7. Потврда за редовен работен однос и копија од М1/М2 образец или лекарско уверение за вонредно студирање (документација која ја доставуваат вонредните студенти)

## IV. Рокови за пријавување и адреса

Пријавување на кандидатите ќе се врши од 02 мај до 10 септември 2012 година.
Кандидатите треба да ги достават сите документи за пријавување и запишување во просториите на ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Скопје на адреса:

**ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Скопје**
**Ул. Коста Новаковиќ бр.8**
**1000 Скопје, Република Македонија**

Заинтересираните кандидати можат да добијат информации за упис на следните броеви:
++389 2 2402 161; ++389 2 2402 160; факс ++389 2 2466 043.